**Преамбула на Статутот**

Асоцијацијата на здруженија на инженери ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА Скопје, има својство на правно лице и статус на стручно и научно-истражувачко здружение со професионален ангажман од сите области на инженерството на територијата на Република Македонија.

Врз основа на членовите 5, 20, и 76 од Законот за здруженија и Фондациите („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/2010), Договорот за здружување на инженерските здруженија од 1998 година и член 24 од Статутот на Третото редовно Генерално собрание на Инженерската институција на Македонија, одржано на 24 октомври 2002 година во Струга, Генералното собрание го донесе следниот

# С Т А Т У Т
# НА
# ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

## 1. ОПШТА ОДРЕДБА

### Член 1

Со овој Статут се уредуваат: целите на Асоцијацијата на здруженија на инженери ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА Скопје, во понатамошниот текст: ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ, делокругот на работа, организацијата и работата, органите и телата, начинот и постапката за членство, финансирањето како и други прашања.

## 2. ПРОФИЛ

### Член 2

ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ, е организација на инженерите и научниците кои се членови на стручните здруженија на инженерите на Република Македонија, потписници на Договорот за здружување во ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ.

### Член 3

Асоцијацијата на здруженија на инженери ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА Скопје, следејќи ги традициите на струковото и еснафското организирање на инженерите на просторот на Република Македонија, почнувајќи како Секција во Здружението на југословенските инженери и архитекти (УЈИА), основана на 21 март 1920 година, потоа Договорот за здружување на инженерските здруженија од 1998 година, имајќи го предвид членот 24 од Статутот на Третото редовно Генерално собрание на Инженерската институција на Македонија, одржано на 24 октомври 2002 година, во Струга и Декларацијата за заедничко дејствување во стимулирање и координирање на развојот на науката и новите технологии во сите инженерски дисциплини од 21 декември 2016 година, се основа како доброволна, независна, непрофитна и неполитичка организација што има за цел да ги здружи сите профили на инженери во Република Македонија со цел нивна соработка, преку работа на заеднички

проекти, размена на идеи и унапредување на знаења во земјата и странство.

## 3. НАЗИВ, СЕДИШТЕ И ИДЕНТИФИКАЦИЈА

**Член 4**

Називот на организацијата е: Асоцијација на здруженија на инженери ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА Скопје.

Скратената ознака на организацијата гласи: ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ.

Англиската верзија на називот е: Association of Engineering Societies ENGINEERING INSTITUTION OF MACEDONIA Skopje.

Скратената ознака на англиската верзија гласи: EIM.

**Член 5**

Седиштето на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ, е во Скопје на ул. „Даме Груев” бр. 14-а, Скопје, Република Македонија.

ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ, иако се организира и дејствува на подрачјето на Република Македонија, може исто како и нејзините членки да соработува и членува во соодветни меѓународни организации и асоцијации.

**Член 6**

ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ има својство на правно лице.

ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ, има сопствена жиро-сметка.

**Член 7**

Официјална идентификација на Асоцијацијата на здруженија на инженери ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-Скопје се печатот, штембилот и симболот.

Печатот има тркалезна форма со натпис што ја прати формата на печатот: ,,Асоцијација на здруженија на инженери СКОПЈЕ”. Во средината на печатот е впишано:,,ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА”.

Штембилот е правоаголен и на него е испишан следниот текст: ,,Асоцијација на здруженија на инженери ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА Бр._____ 20__ год. СКОПЈЕ” Штембилот се употребува за архивското работење.

Симболот е во форма на осум квадрати поставени во форма на ѕвезда што наизменично се менуваат во црвена боја според стандардот RGB (R 220, G 28, B 60) и црна боја. Ѕвездата е опкружена со црвен прстен во кој што со бели букви пишува: ,,ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА”.

Симболот на англиски јазик во црвениот прстен го има написот: ,,ENGINEERING INSTITUTION OF MACEDONIA”.

## 4. ЦЕЛИ И НАМЕНИ

**Член 8**

Целите и намените на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ се:

– да го стимулира и координира работењето и развојот на членките во подрачјата на

својата дејност;
- да поттикнува и помага за побрзо и поефикасно пренесување и примената на новите научни знаења и технологии во областа на инженерството;
- да организира научни средби и презентации, изложби и натпревари, семинари и симпозиуми и издавачка дејност;

  да организира курсеви, сертифицирани обуки и образование за возрасни;
- да аплицира, учествува и работи во научно-истражувачки проекти и апликативни проекти;
- да се грижи за сталешките интереси на членовите и за инженерската интелигенција во целост;
- да врши и други работи од подрачјето на својата дејност.

## 5. ЧЛЕНСТВО

**Член 9**

ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ е конституирана од членки - инженерски здруженија и стручни сојузи, центри и институти од областите на дејствување на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ, согласно Договорот за здружување и Статутот на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ.

Членките на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ партиципираат во финансирањето на работата, според принципот на солидарност и договорно утврдени нормативи.

**Член 10**

Секој државјанин на Република Македонија, кој работи во некое од професионалните полиња на инженерството, науките и технологиите може да стане член на стручно здружение, а со тоа и на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ ако поднесе пристапница и ги прифати обврските и правата од Статутот на стручното здружение и од Статутот на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ.

Под истите услови, член на стручно здружение може да стане и странец кој е професионално ангажиран во некое од професионалните полиња на инженерството, науките и технологиите.

**Член 11**

Членките на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ ги имаат следните права:
- партиципираат во работата и во органите на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ според принципот на застапништво;
- ги застапуваат ставовите на своето членство и остваруваат заштита на сталешките интереси на инженерската струка;
- имаат увид во сите активности и документи на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ.

**Член 12**

Членките на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ ги имаат следните обврски:

- да ги почитуваат одлуките и документите на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ утврдени со овој Статут;
- да учествуваат во извршувањето на целите на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ;
- да партиципираат во финансиската програма на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ, според начелата дефинирани во овој Статут.

**Член 13**

Полноправно членство во ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ може да се добие доколку се поднесе барање.

ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ е здружение, составено од индивидуални членки, кои врз доброволна основа го прифаќаат Статутот.

Одлука за прифаќање на здружение во ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ донесува Генералното собрание.

Престанок на членување на членките во ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ се остварува со писмено барање од највисокиот орган на членката или врз основа на одлука на исклучување.

И во двата случаи одлука донесува Генералното собрание на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ.

## 6. ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА

**Член 14**

Организациската структура на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ се темели врз начелата на организација – асоцијација на членките.

**Член 15**

Органи на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ се: Генерално собрание, Управен одбор, Претседател на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ, Надзорна комисија и Претседателски совет.

Во состав на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ се основаат: Клуб на носители на Инженерски прстен и Клуб на млади инженери.

Секој од органите на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ ја остварува својата функција според посебен Деловник за работа.

Деловникот за работа на органот на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ го донесува самиот орган и тие се придружни документи на овој Статут.

**Член 16**

**Генералното собрание** (ГС) е највисок орган на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ. Конституирано е од членови номинирани според претставничкиот принцип. Секоја членка, Клубот на носители на Инженерски прстен и Клубот на млади инженери избираат по 2 (два) претставника со мандат од четири години. Со ГС раководи Претседател.

ГС се свикува најмалку еднаш годишно.

**Член 17**

Претседателот на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ е и Претседател на ГС.

Седниците на ГС ги свикува и со нив раководи Претседателот на ГС на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ.

Седницата на ГС се свикува и по предлог на Управниот одбор или една третина од вкупниот број на здруженија.

Ако Претседателот на ГС не свика седница 14 дена по упатениот предлог од став 3, седницата ја свикува Управниот одбор или иницијаторите.

Начинот на свикување на седниците на ГС, работењето и одлучувањето се определува со Деловник за работа на Собранието.

**Член 18**

ГС е надлежно за:

- донесување Статут на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ, како и измени и дополнувања на истиот;
- избор на Претседател на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ;
- избор на Заменик Претседател на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ;
- избор на Генерален Секретар на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ;
- избор на членови на Управниот одбор;
- избор на Надзорната комисија и именување на нејзин Претседател;
- донесува програма за работа на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ, како и одлуки според извештаите на Управниот одбор и Надзорната комисија;
- донесува одлуки за насоките и работата на официјалните тела на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ и за мандатната програма за активности на ИМИ;
- донесува финансиски план
- разгледува извештај за работата на Претседателот на ГС на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ;
- донесува одлуки по евентуалните поплаки на работата на Управниот одбор;
- доделува статус *истакнат член, заслужен член и почесен член*, но исто така номинира и кандидати за признание од друга институција или орган;
- ги потврдува и одобрува одлуките за пристапување на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ во членство на меѓународни асоцијации од сличен карактер и ранг;
- одлучува за укинување и распуштање на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ;
- одлучува и по други прашања што се во негова надлежност.

**Член 19**

**Управниот одбор** на ИМИ (УО) е извршен орган на ГС.

УО вкупно брои 11 члена: Претседател, Заменик Претседател, Генерален Секретар и 6 члена од членките на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ, еден член од Клубот на носители на Инженерски прстен и еден член од Клубот на млади инженери.

Мандатот на членовите на УО е 4 (четири) години, со право на реизбор.

Свикувањето и работењето на седниците на УО се уредува со Деловник за работа.

**Член 20**

Надлежност на УО е:

- подготвување на работата на ГС и усвојување на предлози на заседанијата на ГС;
- одржување континуитет во работата на ИМИ, подготвување годишни финансиски планови и усвојување годишни и подолгорочни финансиски планови, извештаи и биланси на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ;
- одлучува за публикување и раководи со издавачката дејност;
- спроведување на статутарните и програмските задачи;
- подготвување на работата на ГС и утврдување предлози за заседанијата;
- избирање и разрешување на Извршниот директор на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ;
- предлог Програма за работа на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ;
- водење и надгледување на оперативната работа на администрацијата на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ;
- донесување завршна сметка на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ;
- врши и други работи од својата надлежност.

**Член 21**

**Претседателот** на ГС на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ се избира од страна на ГС за мандат од четири години, со право на реизбор од уште 1 мандат.

Претседателот на ГС на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ ги извршува следните задачи:

- ја претставува и застапува ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ како правно лице;
- потпишува акти и договори во име на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ, според одлуките донесени од телата на ИМИ, водејќи сметка за сообразност со нивната надлежност;
- свикува и претседава со седниците на УО;
- издава наредби за менаџментско управување на фондовите на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ;
- свикува и води заседание на ГС.

**Член 22**

За својата работа Претседателот на ГС на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ одговара пред ГС.

Во својата работа Претседателот има право да именува Консултативен одбор составен од истакнати поединци во ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ кој го свикува по потреба.

Претседателот на ГС на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ делегира дел од своите овластувања на Заменик Претседателот со пишан исказ за временскиот период, фактички делегираните овластувања и условите под кои се делегирани.

**Член 23**

**Заменик Претседателот** се избира од страна на ГС за мандат од четири години, со право на реизбор од уште 1 мандат.

По овластување на Претседателот на ГС на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ, или во случај на спреченост на Претседателот, од било кои причини, да ги извршува статутарните обврски подолго од 14 дена, функцијата на Претседател ја извршува заменик Претседателот на ИМИ.

Заменик Претседателот ги потпишува актите и договорите како втор потписник и постапува според одлуките на органите и телата.

**Член 24**

**Генералниот секретар** се избира од страна на ГС за мандат од четири години, со право на реизбор од уште 1 мандат. Генералниот секретар на ИМИ ги извршува следните задачи:

- соработува и му помага на Претседателот на ГС на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ;
- се грижи за подготвување на материјали за седница на УО;
- врши и други административни задачи.

**Член 25**

**Надзорната комисија** (НК) ја бира ГС и брои 5 члена.

Мандатот на НК е четири години.

НК ги има следните овластувања:

- врши надзор на законско и статутарно работење на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ и телата;
- ги разгледува периодичните пресметки, извршување на финансискиот план и завршните сметки;
- врши контрола на финансиското и материјалното работење на сите органи и тела на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ;
- ја оценува законитоста за наменско користење на средства и предвидува постапки и покренува судски и други постапки;
- предлага мерки и решенија пред УО и ГС од својата надлежност;
- поднесува писмен извештај на ГС за финансиските резултати од работата на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ и за други работи во својот делокруг.

**Член 26**

**Претседателскиот совет** на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ го сочинуваат Претседателот на ГС на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ и актуелните Претседатели на членките на ИМИ и претседателите на Клубот на носители на Инженерски прстен и Клубот на млади инженери. Тој се состанува еднаш годишно или по потреба на повик на

Претседателот на ГС на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ.

ПС ги има следните надлежности:

- разгледува прашања од општ интерес на сите членки на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ и утврдува предлог насоки;
- ги моделира и профилира насоките за работа на официјалните тела на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ, програмите за активности на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ во интерес на сите членки;
- врши и други работи од заемен интерес.

**Член 27**

За извршување на административно-стручни, помошни и слични работи во ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ се формира **Стручна служба**.

Правата, обврските и одговорностите за работа на Стручната служба се уредуваат со посебен акт (Правилник за организација и систематизација на Стручната служба), што го донесува Управниот одбор во согласност со Законот. Средствата за работа на Стручната служба се определуваат со финансиски план секоја година.

Со Стручната служба раководи Извршен директор на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ, кој го именува и разрешува Управниот одбор, согласно условите утврдени со посебна одлука.

**Член 28**

**Извршниот директор** на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ за вршење на своите должности и одговорности е одговорен пред УО.

Извршниот директор се грижи за извршување на одлуките на ГС и УО, одговорен е за правилна примена на усвоените спогодби и договори, прописи и општи акти.

Наредбодавач е и е одговорен за извршување на финасискиот план и програма за работа и потписник на сметката на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ. Се грижи за законитоста на актите донесени од Стручната служба и ја застапува ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ во правниот промет.

## 7. ФИНАНСИРАЊЕ

**Член 29**

ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ за остварувањето на своите цели и програмски задачи во работата кои се дефинирани со овој Статут и со Програмата за работа, добива потребни средства од:

- сопствена дејност;
- членарина;
- донации;
- буџет;
- издавачка дејност;
- трговски друштва и други извори;

За користење и располагање со средствата одлучуваат органите на ИМИ согласно надлежностите утврдени со овој Статут.

**Член 30**

ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ е должна на својата веб страница или на друг начин да го објави годишниот извештај за своето работење.

ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ е должна да подготви годишен финансиски извештај, да го достави до надлежниот орган во согласност со закон и да го и да го објави на својата веб страница или на друг соодветен начин да го направи достапен до јавноста.

ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ е должна извештаите од ставовите 1 и 2 на овој член да ги објави најдоцна до 30 април за претходната година.

## 8. ПРЕСТАНОК НА РАБОТА

**Член 31**

ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ престанува да работи:

- ако настапат причини утврдени во член 63 од Законот за здруженија и фондации;
- ако ГС донесе одлука за престанок со работа со 2/3 мнозинство од членовите.

Во случај на престанок на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ, имотот им припаѓа на членките на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ.

## 9. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 32**

Здруженијата членки на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ треба своите Статути да ги усогласат со одредбите на овој Статут.

Право на толкување на одредбите од Статутот има ГС, а помеѓу две собранија, УО на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ.

Измени и дополнувања на овој Статут се вршат по постапка, како и за неговото донесување.

**Член 33**

Со донесување на овој Статут престанува да важи Статутот на ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА-ИМИ донесен на 15 март 2011 година.

Скопје, 29 март 2016 година

Асоцијација на здруженија на инженери
ИНЖЕНЕРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА Скопје
Претседател
Статпроф. д-р Христина Спасевска, с.р.